**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ**
**Бр. – No** 14-24/1
05.01.2024 .yılı
**ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија ( Службен Весник на РМ бр.38/96, 9/97, 6/02, 19/03, 40/03, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/22) , член 2 од Правилник за формата и содржината на јавниот повик , начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со проведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен , односно надзорен одбор на јавните претпријатија ( Службен весник на РСМ бр. 283/22) , Советот на Општина Центар Жупа , во својство на основач на претпријатието , објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2024**

**За пријавување на заинтересирани лица за членови во надзорен одбор на ЈП,,КАЛЕ,, Центар Жупа.**

За вршење контрола на материјално – финансиско работење на ЈП,КАЛЕ,, се формира надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење кој е составен од три член:

1. За член на надзорен одбор може да биде именувано лице кои ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија
-има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование , од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие
-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
-доказ за историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северна Македонија со евидентитан стаж и тоа :

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие , согласно националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење ,

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи .

3. Мандатот на членовите на надзорниот одбор на ЈП,,КАЛЕ,, е четири години со право на уште еден последователен мандат

5. Паричен надоместок : 1 000 денари по присуство на седница

6.Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју , подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангирани кандидати до Советот на Општина Центар Жупа.

7.Советот на Општина Центар Жупа ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на членови во надзорен одбор во ЈП,,КАЛЕ,, Центар Жупа.

8.Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Центар Жупа и на огласна табла на општина Центар Жупа.

По објавениот јавен повик , кандидатите поднесуваат пополнета пријава на образац за пријавување на јавниот повик , со документација во писмена форма до Архивата на општина Центар Жупа **, во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на овој повик. Пријавите можат да се достават лично или по пошта на следнава адреса : Општина Центар Жупа , Голем Папрадик 1258 Центар Жупа со назнака – ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈП,,КАЛЕ,,ЦЕНТАР ЖУПА.**

Образецот за пријавување на јавниот повик е даден во прилог кој е составен дел на овој оглас .

Кандидатите се должни образецот да го пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.Пријавените кандидати на јавниот оглас ќе бидат известени за времето и местот на одржување на постапката за селекција на членови на надзорен одбор

Фаза 1 – административна селекција се спроведува најкасно во рок од 15 дена од завржување на објавениот оглас

Фаза 2 – интервју се спроведува најдоцна десет дена од денот на завржувањето на фаза 1

**Совет на општина Центар Жупа**
**Претседател,**
**Бирцан Селман**
**С.р**

Прилог

Образец за пријавување на јавен повик за именување на членови на Управен/Надзорен одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавно претпријатие | |
| 2. | Лични податоци:<br>Име и презиме | |
| 3. | Улица и број | |
| 4. | Телефон | |
| 5. | Е-маил / e-mail | |
| 6. | Уверение за државјанство | |
| 7. | Уверение за стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 образование | |
| 8. | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик | |
| 9. | Доказ за посебни работни компетенции | |
| 10. | Потврда од институција дека лицето работело во област на соодветната дејност | |
| 11. | Моментален статус на вработување<br>Вработен / Невработен | |

Датум

_______________________

Потпис на подносителот

_______________________

| Пополнува примачот на пријавата | |
|---|---|
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br>_________________ година | Потпис и печат<br>_________________ |